20130571285

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ
НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 27 став 3 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 26/2012, и 16/2013), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 8 март 2013 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА КАРТИЧКАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗА НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ, ВОДЕЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И ДОКАЗОТ ЗА ПЛАТЕН ПРИДОНЕС ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на електронската картичка за здравствено осигурување, (во натамошен текст - картичка), како и начинот на нејзиното издавање, користење, водење на евиденцијата и доказот односно записот во картичката дека придонесот за задолжителното здравствено осигурување е платен.

2. ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ И ФОРМА НА КАРТИЧКАТА

Член 2

Правата од задолжителното здравствено осигурување во рамките на обемот на правата утврдени со Законот за здравствено осигурување, осигурените лица ги остваруваат врз основа на картичката за здравствено осигурување и доказ односно запис во картичката дека придонесот за задолжителното здравствено осигурување е платен.

Картичката за здравствено осигурување е еднојазична, а на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на нивно лично барање, образецот се печати и податоците во него се запишуваат и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот.


Картичката е во форма на правоаголник изработена од ABS/PVC материјал во сива боја со утврдено место за чип.

Дизајнот на картичката и сместувањето на основните елементи е изработено согласно на ISO/IEC 7810 кој ја дефинира големината на картичката и согласно на ISO/IEC 7816 кој ја дефинира положбата на чипот.

Со постапката на ласерско гравирање ќе се персонализираат следните податоци:

• ЕДИНСТВЕН ЗДРАВСТВЕН БРОЈ НА ОСИГУРЕНИКОТ/ ОСИГУРЕНОТО ЛИЦЕ
• ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ОСИГУРЕНИКОТ/ ОСИГУРЕНОТО ЛИЦЕ
• ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ОСИГУРЕНИКОТ/ ОСИГУРЕНОТО ЛИЦЕ КОЕ ЗБОРУВА СЛУЖБЕН ЈАЗНИК РАЗЛИЧЕН ОД МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК - ДВОЈАЗИЧНО
• МЕСЕЦ И ГОДИНА НА ИЗРАБОТКА НА КАРТИЧКАТА
• СЕРИСКИ БРОЈ НА КАРТИЧКАТА

1.1. Приказ на подрачјето на ласерско гравирани – варијабилни податоци



1.2 Основни елементи на текстот на картичката за здравствено осигурување

Едно јазична картичка

Предна страна на картичката:

На левиот горен агол стои логото на Министерство за здравство обележано со сина боја

На десниот горен агол стои логото на Фондот за здравствено осигурување на Македонија обележано со црвена боја на бела основа.

Помеѓу логото на Министерство за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Македонија со големи букви се испишани во два реда зборовите: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА“ а под нив со големи букви се испишани зборовите „КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ“


Под зборовите: „КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ“ од левата страна оставено е место за чипот



Задна страна на картичката:

- Картичката важи само со важечка лична карта, потврда за школување или пасош
- Во рок од 30 дена по истекот на рокот на важност на картичката по било кој основ корисникот ја враќа на поништување во Фондот
- Губењето на картичката корисникот го пријавува во Фондот и го објавува во „Службен весник на РМ“
- Најдената картичка молиме да ја вратите во Фондот

- Оваа картичка важи само во здравствени установи каде Фондот обезбедил вршење на здравствени услуги.



Двојазична картичка

Предна страна на картичката:

На левиот горен агол стои логото на Министерство за здравство обележано со сина боја

На десниот горен агол стои логото на Фондот за здравствено осигурување на Македонија обележано со црвена боја на бела основа.


Помеѓу логото на Министерство за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Македонија со големи букви се испишани во два реда зборовите ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА„/ FONDI I SIGURIMIT SHËNDETËSOR TË MAQEDONISË“ а под нив со големи букви се испишани во два реда зборовите „КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ„/ „KARTELA E SIGURIMIT SHËNDETËSOR„

Под зборовите: „КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ“/„KARTELA E SIGURIMIT SHËNDETËSOR“ од левата страна оставено е место за чипот.



Задна страна на картичката:

- Картичката важи само со важечка лична карта, потврда за школување или пасош
- Во рок од 30 дена по истекот на рокот на важност на картичката по било кој основ корисникот ја враќа на поништување во Фондот
- Губењето на картичката корисникот го пријавува во Фондот и го објавува во „Службен весник на РМ“
- Најдената картичка молиме да ја вратите во Фондот
- Оваа картичка важи само во здравствени установи каде Фондот обезбедил вршење на здравствени услуги.
- Kartela vlen vetëm me letërnjoftim të vlevshëm, vërtetim për shkollim ose pasaportë
- Në afat prej 30 ditësh që nga kalimi i afatit të vlevshmërisë së kartelës për çfarëdo arsye, përdoruesi e kthem atë për zhvlerësim në Fond
- Përdoruesi e paraqet humbjen e kartelës në Fond dhe atë e shpall në Gazetën zyrtare të R.M.-së
- Nëse gjeni një kartelë të këtillë, ju lutemi ta dorëzoni në Fond
- ka siguruar realizim të shërbimeve shëndetësore



Единствениот здравствен број на осигуреното лице содржи девет броеви од кои првите осум Фондот го генерира по случаен избор а последниот број е контролен број.

Серискиот број на картичката содржи осум броеви.

3. ПОДАТОЦИ ЗА КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА

Член 3

А) Податоци содржани во картичката на кои се пристапува без користење на сигурносниот број (PIN)

- Име и презиме (запишано во македонска кирилица и во интернационално читлива форма)
- Име - македонска кирилица
- Татково име - македонска кирилица
- Презиме - македонска кирилица
- Име - албанска латиница
- Татково име - албанска латиница
- Презиме - албанска латиница

- ЕЗБО - единствен здравствен број на осигуреникот
- ЕЗБО на носител - единствен здравствен број на носителот на осигурувањето
- Основ на осигурување
- Основ на осигурување - својство
- Траење на задолжителното здравствено осигурување
- Дополнително здравствено осигурување
- Датум на издавање на картичката
- Сериски број на картичката
- Лимитирани клинички податоци
- Имунизација
- Крвна група
- РХ фактор
- Датум на последно одредување на крвна група и RH фактор
- Забелешка за крвната група
- Датум на последна трансфузија
- Тип на крвниот продукт
- Додатни податоци за крвниот продукт
- Алергии

Б) Податоци содржани во картичката на кои се пристапува со користење на сигурносниот број (PIN)

- Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)
- Пол
- Датум и место на раѓање
- Место на раѓање - град
- Место на раѓање - надвор од државата
- Држава на раѓање
- Факсимили на избраните лекари
- Факсимили на замените на избраните лекари
- Личен факсимил (ако осигуреникот е доктор)
- Донор на органи – индикатор
- Индикатор за бременост
- Крвен дарител/ датум
- Крвен дарител/ ослободен од партиципација
- Хронични болести
- Детски болести
- Фамилијарни болести
- Ортопедски помагала
- Трајно вградени импланти
- Импланти
- Лекарски прегледи
- Боледување
- Упати
- Пропишани лекови за хронични болести
- Рецепти.

Член 4

При издавањето картичката ги содржи следните податоци: име и презиме (македонска кирилица, латиница), ЕЗБО, важи од, сериски број на картичката, основ на осигурување, ЕМБГ, пол, датум на раѓање, статус на осигурени/осигурено лица и траење на задолжителното здравствено осигурување.

Картичката може да содржи и податоци за: татково име, ЕЗБО на носителот на осигурувањето, место и држава на раѓање, податоци за крвен дарител, факсимили на избраните лекари.

Останатите податоци кои се дел од содржината на картичката ќе ги пополнуваат овластените лица од Фондот и/или здравствени работници од здравствени установи со соодветно доделени привилегии, во наредните фази од имплементација на проектот за Електронската здравствена картичка во здравствениот систем на Република Македонија.

4. НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА КАРТИЧКАТА

Член 5

Картичката може да се издаде во било која подрачната служба на Фондот независно од местото на живеење односно местото на работа на осигуреното лице врз основа на поднесено барање за издавање на електронска картичка за здравствено осигурување (Образец-БК), во пишана форма, со приложена потребна документација за носителот на осигурувањето и членовите на семејството (копија од лична исправа, согласност за правење копија од лична исправа за подносителот и полнолетните членови осигурени по него, односно извод од матичната книга на родените за деца) и доказ за извршена уплата на трошоците за издавање на картичката согласно Правилникот за висината за трошоците за издавање, замена на загубена или оштетена и за повторно активирање на блокирана електронска картичка за здравствено осигурување, како и начинот на нивното плаќање.

Обврзникот за пресметка и уплата на придонесот за своите вработени и за членовите на нивните семејства поднесува групно барање за издавање на електронска картичка за здравствено осигурување (Образец- ГБК 1), во пишана и електронска форма, во подрачната служба на Фондот според седиштето на обврзникот, односно седиштето на работната единица и доказ за извршена уплата на трошоците за издавање на ЕЗК согласно Правилникот за висината за трошоците за издавање, замена на загубена или оштетена и за повторно активирање на блокирана електронска картичка за здравствено осигурување, како и начинот на нивното плаќање, за сите лица наведени во барањето. Барањето го поднесува овластеното лице кај обврзникот.

Овластеното лице кај обврзникот за пресметка и уплата на придонесот гарантира за точноста на личните податоци внесени во групното барањето за издавање на картичката, при што не се доставуваат копија од лична карта за вработените и членовите од нивните семејства, како и копија од извод на матична книга на родените.

Доколку овластеното лице кај обврзникот не гарантира за точноста на внесените податоци во групното барање, тогаш се доставува образецот ГБК и кон него се приложува примерок од поединечните барања пополнети од секој осигуреник вработен кај обврзникот.

Во барањето корисникот на картичката изјавува дека е согласен личните податоци што се внесуваат во картичката да се користат само во врска со остварувањето на правата од здравственото осигурување и здравствената заштита, согласно прописите за заштита на личните податоци, а кон барањето поднесува и копија од лична исправа во согласност со подносителот, односно извод од матичната книга на родените за деца, заради проверка на податоците.

Картичката за член на семејство на осигуреникот на кој не е утврдено својството на осигурено лице, ќе се издаде врз основа на претходно уредно спроведена пријава за здравствено осигурување (ЗО образец).

За членовите на семејството на кои веќе им е утврдено својството на осигурено лице, картичката се издава врз основа на копија од лична карта во согласност со подносителот односно извод од матична книга на родени.

Копиите од личните исправи, односно изводот од матичната книга на родените, се поништуваат комисиски во подрачните служби на Фондот најдоцна 30 дена од денот на поднесување на барањето за издавање на картичката, во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Подигањето на готовата ЕЗК може да се оствари само во подрачната служба на Фондот каде е поднесено барањето за издавање на истата.

Подигање на картичките за здравствено осигурување за вработените кај обврзникот за пресметка и уплата на придонес, ќе се врши преку овластено лице на обврзникот.

Осигуреното лице задолжително внесува свој сигурносен број (PIN) за да ја активира картичката.

За осигурени лица - деца до 18 години и осигурени лица неспособни за самостоен живот и работа согласно прописите за пензиско и инвалидско осигурување односно за социјална заштита, приемот на картичката и сигурносниот број (PIN) со своерачен потпис ги потврдува нивниот законски застапник или старател.

Информации за начинот на активирање и користење на картичката и сигурносниот број (PIN) осигуреното лице може да добие од web страната на Фондот.

Електронскиот формат на барањето Образец-БК, ГБК, ГБК 1 се објавени на web страната на Фондот заедно со Техничкото упатство за пополнување на електронското барање.

Обрасците БК, ГБК и ГБК 1 се составен дел на овој правилник.

5. ВАЖНОСТ НА КАРТИЧКАТА

Член 6

Независно по кој основ осигуреното лице се стекнало со својство на осигуреник, рокот на важење на картичката е рок на важење на дигиталниот сертификат кој се наоѓа во меморијата на чипот на картичката, освен во случај на промена на фактите врз основа на кои е издадена картичката (промена на име и презиме, злоупотреба на картичката итн.)

Со промена на личните податоци (име и презиме) на осигуреното лице, се издава нова картичка.

Трошоците за издавање на нова картичка на осигуреното лице кое во барањето има наведено неточни податоци паѓаат на негов товар.

Осигуреното лице во рок од 30 дена од денот на истекот на рокот на важење на картичката ја доставува до надлежната подрачна служба на Фондот заради нејзино поништување или продолжување на нејзиното важење.

Неважечката картичка вратена од осигуреното лице или овластеното лице кај обврзникот за пресметка и уплата на придонесот, се поништува комисиски во подрачните служби на Фондот .

6. КОРИСТЕЊЕ НА КАРТИЧКАТА

Член 7

Картичката се користи со лична карта или пасош, односно потврда за школување за лица под 18 години, заедно со постоечката здравствена легитимација.

7. ПОДАТОЦИ КОИ ГИ ПОПОЛНУВА ЗДРАВСТВЕНАТА УСТАНОВА

Член 8

Здравствената установа во која осигуреното лице користи здравствената заштита го проверува идентитетот на осигуреното лице и врз основа на податоците во картичката утврдува дали е платен придонесот за здравствено осигурување.

Здравствената установа која укажува здравствени услуги на соодветно место означено во картичката ги внесува сите потребни податоци за пружената здравствена услуга за кој има можност да ги пополнува, во момент кога тоа ќе бидат создадени соодветни технички услови.

8. ГУБЕЊЕ НА КАРТИЧКАТА

Член 9

Губењето на картичката корисникот го пријавува во службата за помош (helpdesk) во Фондот или лично во најблиската Подрачна служба на Фондот и го објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

9. ИЗДАВАЊЕ НА НОВА КАРТИЧКА

Член 10

Фондот на осигуреното лице му издава нова картичка во случај на истекување на рокот на важењето.

Фондот на осигуреното лице му издава нова картичка во случај на нејзино оштетување, губење, или по негово барање поради грешка во ласерски изгравираните податоци на телото на картичката.

Фондот на осигуреното лице ќе му издаде нова картичка, со поднесување на ново барање за издавање на картичка, доказ за извршена уплата на трошоците за издавање, дополнета со доказ за објава во „Службен весник на Република Македонија“ доколку картичката е изгубена.

По издавањето на новата картичка на осигуреното лице, подрачната служба на Фондот комисиски ја поништува оштетената картичка.

10. СОБИРАЊЕ И ОБРАБОТУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

Член 11

Единствен овластен субјект за собирање и обработување на податоците е Фондот.

Преносот на податоци означени на картичката, издавањето на сертификатот и изработката на картичката е во надлежност на Фондот и само Фондот може да ги довери вршењето на овие услуги на трето лице.

За издадените картички Фондот води евиденција.

Личните податоци кои се внесуваат во картичката се обработуваат согласно прописите од областа на заштитата на личните податоци.

11. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Правилникот за формата и содржината на здравствената легитимација и за начинот на нејзиното издавање, водење и користење ќе остане во сила до целосното заменување на здравствените легитимации со картичката.

Здравствена легитимација и картичката ќе се користат истовремено се додека не се обезбедат соодветни технички услови кои ќе дозволат целосна функционална замена на здравствената легитимација со картичката.

Постапките за издавање на картичките започнати пред стапување во сила на овој Правилник ќе завршат согласно со одредбите на Правилникот Правилникот за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/2010), Правилникот за изменување на Правилникот за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2011), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2011) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/2012).

Со денот на влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/2010), Правилникот за изменување на Правилникот за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2011), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2011) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/2012).

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02–3291/11
8 март 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски, с.р.



Образец БК

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКА ЗДРАВСТВЕНА КАРТИЧКА	
ЗА НОСИТЕЛ ☐	ЗА ОСИГУРЕНО ЛИЦЕ - ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО ☐
ПОДРАЧНА СЛУЖБА	

1. Податоци за обврзникот за уплата **По прв пат** ☐ **Реиздавање** ☐

Назив			
ЕМБС		Деловна единица	ЕДБС

2. Податоци за осигуреникот - физичко лице **Националност** _____ **Двојазичност** ☐

ЕМБГ	
Име, име на родител/старател и презиме	
Име, име на родител и презиме (LAT за двојазична картичка)	
Име и презиме на осигуреникот што ќе стојат на картичката	
Име и презиме на осигуреникот што ќе стојат на картичката(LAT)	
Контакт телефон	E-mail

3. Податоци за осигуреното лице - (член на семејство)
Сродство_____ **Националност** _____ **Двојазичност** ☐

ЕМБГ	
Име, име на родител/старател и презиме	
Име, име на родител и презиме (LAT за двојазична картичка)	
Име и презиме на осигуреникот што ќе стојат на картичката	
Име и презиме на осигуреникот што ќе стојат на картичката(LAT)	

Податоци за осигуреното лице - (член на семејство)
Сродство_____ **Националност** _____ **Двојазичност** ☐

ЕМБГ	
Име, име на родител/старател и презиме	
Име, име на родител и презиме (LAT за двојазична картичка)	
Име и презиме на осигуреникот што ќе стојат на картичката	
Име и презиме на осигуреникот што ќе стојат на картичката(LAT)	

Податоци за осигуреното лице - (член на семејство)

Сродство_____ **Националност** _____ **Двојазичност** ☐

ЕМБГ	
Име, име на родител/старател и презиме	
Име, име на родител и презиме (LAT за двојазична картичка)	
Име и презиме на осигуреникот што ќе стојат на картичката	
Име и презиме на осигуреникот што ќе стојат на картичката(LAT)	

Податоци за осигуреното лице - (член на семејство)

Сродство_____ **Националност** _____ **Двојазичност** ☐

ЕМБГ	
Име, име на родител/старател и презиме	
Име, име на родител и презиме (LAT за двојазична картичка)	
Име и презиме на осигуреникот што ќе стојат на картичката	
Име и презиме на осигуреникот што ќе стојат на картичката(LAT)	

Упатство/Укажување

Врз основа на ова барање се издава картичка за здравствено осигурување како исправа со која се остваруваат правата од задолжителното здравствено осигурување. Заради избегнување на грешки, пополнувањето на овој образец треба да се врши со најголемо внимание особено со внесување на податоците за личните имиња на албански јазик кои треба да бидат внесени на македонски и албански јазик идентично со документите за лична идентификација. Одговорноста за точноста на податоците и за последиците што може да произлезат од погрешно внесени податоци е на овластените лица или на барателот кој го потпишува образецот. Фондот за здравствено осигурување на Македонија не одговара за евентуалните грешки во картичките, вклучувајќи ги и материјалните последици од издавањето на картичката со погрешни податоци, кога податоците се точно превземени од овој образец

СО ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОВА БАРАЊЕ СЕ СОГЛАСУВАМ МОИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ПОДАТОЦИТЕ ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА МОЕТО СЕМЕЈСТВО ДА СЕ КОРИСТАТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ИСТИТЕ ДА СЕ КОРИСТАТ СОГЛАСНО ПРОПИСИТЕ ЗА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

1.примерок за ФЗОМ

Датум _____20__год.

м.п.

Барател/Овластено лице

_____



Образец за ГБК

Пред да започнете со пополнување на образецот Ве молиме да го прочитате упатството на крајот на образецот
БАРАЊЕ ЗА ГРУПНО ИЗДАВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКА ЗДРАВСТВЕНА КАРТИЧКА
Подрачна служба

1. Податоци за обврзникот за уплата

Назив		Шифра на дејност	
Назив на дејност			
Адреса		Место	
ЕМБС	Деловна единица	ЕДБС	
Жиро сметка		Основ на осигурување	

2. Податоци од електронскиот фајл

Во електронскиот фајл има поднесени барања за :	
Вкупно носители еднојазични	
Вкупно осигурени лица-членови на семејството еднојазични	
Вкупно носители двојазични	
Вкупно осигурени лица-членови на семејството двојазични	

3. Во прилог на ова барање е доставен електронски фајл да ☐ не ☐

Упатство/Укажување
Врз основа на ова барање се издава картичка за здравствено осигурување како исправа со која се остваруваат правата од задолжителното здравствено осигурување. Заради избегнување на грешки, пополнувањето на овој образец треба да се врши со најголемо внимание особено со внесување на податоците за личните имиња на албански јазик кои треба да бидат внесени на македонски и албански јазик идентично со документите за лична идентификација. Одговорноста за точноста на податоците и за последиците што може да произлезат од погрешно внесени податоци е на овластените лица или на барателот кој го потпишува образецот. Фондот за здравствено осигурување на Македонија не одговара за евентуалните грешки во картичките, вклучувајќи ги и материјалните последици од издавањето на картичката со погрешни податоци, кога податоците се точно превземени од овој образец

Контакт телефон _____ По овластување Бр: _____

1.примерок за ФЗОМ м.п. Барател/Овластено лице

Датум _____20__год. _____

Страница 1/1



Образец за ГБК 1

Пред да започнете со пополнување на образецот Ве молиме да го прочитате упатството на крајот на образецот
БАРАЊЕ ЗА ГРУПНО ИЗДАВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКА ЗДРАВСТВЕНА КАРТИЧКА
Подрачна служба

1. Податоци за обврзникот за уплата

Назив		Шифра на дејност	
Назив на дејност			
Адреса		Место	
ЕМБС	Деловна единица	ЕДБС	
Жиро сметка		Основ на осигурување	

2. Податоци од електронскиот фајл

Во електронскиот фајл има поднесени барања за :	
Вкупно носители еднојазични	
Вкупно осигурени лица-членови на семејството еднојазични	
Вкупно носители двојазични	
Вкупно осигурени лица-членови на семејството двојазични	

3. Во прилог на ова барање е доставен електронски фајл да ☐ не ☐

4. Во Прилог на барањето доставуваме листа на осигурени лица за кои се поднесува барање за ЕЗК. Потврдуваме дека содржината од листата е идентична со содржината за осигурениците кои ги имаме доставено во електронскиот фајл.

Упатство/Укажување
Врз основа на ова барање се издава картичка за здравствено осигурување како исправа со која се остваруваат правата од задолжителното здравствено осигурување. Заради избегнување на грешки, пополнувањето на податоците во електонскиот фајл и во листат од прилог 4 треба да се врши со најголемо внимание особено со внесување на податоците за личните имиња на албански јазик кои треба да бидат внесени на македонски и албански јазик идентично со документите за лична идентификација. Одговорноста за точноста на податоците и за последиците што може да произлезат од погрешно внесени податоци е на овластеното лице кое го поднесува барањето. Фондот за здравствено осигурување на Македонија не одговара за евентуалните грешки во картичките, вклучувајќи ги и материјалните последици од издавањето на картичката со погрешни податоци, кога податоците се точно превземени од овој образец

Контакт телефон _____ По овластување Бр: _____

1.примерок за ФЗОМ м.п. Барател/Овластено лице

Датум _____20__год. _____

Страница 1/1